**Оригинален труд**

**UDC 398.32 (497.7)**

# ОТВОРОТ НА КАМЕНОТ КАКО СИМБОЛ

**Драгица Поповска**

*Институт за национална историја, Скопје, Македонија*

**Key words:** Holy stone, the hole, symbol, semantic messages.

**Summary:** The external shape of the stone within the ethnological-anthropological observations, play probably the most important role his experience as "holy". The hole in this context that emerges as the main identification feature of sacred stones is an interesting aspect of many semantic messages that in itself brings. It is a symbolic element that reflects the cult-magical content in the eyes of the individual, and beyond the traditional community where it exists.

## Отворот како надворешна карактеристика на каменот

Отворот го евидентиравме како облик присутен на поголемиот број култни камења на територијата на Македонија. Се работи за отвори, кои во однос на големината, се помали и се поголеми, различно поставени во однос на целокупната слика, која ја нуди каменот.

Така, се издвојуваат отвори како централен простор во каменот, кој служи како влезен праг во него, а се среќаваат и два поврзани отвори, кои во себе ги содржат значенските димензии влез-излез. Како облик се јавуваат и отвори на врвот на каменот, кои судејќи по сè, на семантички план кореспондираат со „горниот свет“.

Ваквата семантичка порака, која ја нуди отворот како белег, е надградена со други објекти, кои имаат суштинско значење за целокупниот впечаток, како што се: водата, дрвјата или религиозните објекти, кои многу често се фузиониран елемент во обредната активност поврзана со култниот камен, а кои истовремено претставуваат дел од неговиот непосреден свет простор. Ова е особено важно затоа што симболот може да се разбере само ако се гледа во однос со други симболи, кои се дел од културната сложенка (Боуви, 2009: 36).

Контурите на отворот[1] упатуваат на слики од далечните времиња и контексти. Тој едноставно ја прикажува „другоста“ на конкретниот камен во однос на околната природа. Неговото присуство на каменот,

[1] Некои од нив ги карактериизира долг и закосен облик, а практиката на провирање низ нив е можна единствено „мешечки“.

обликот – тесен или широк, сето тоа обелоденува несвесен поттик да се создаде симбол насочен кон повисоки цели.

Отворот на каменот претставува врата, која го означува прекинот на континуитетот. Прагот што раздвојува два простори упатува на граница, која раздвојува два спротиставени света, место преку кое се случува премин од профаниот во светиот простор. (Elijade, 2004: 22) Ваквата симболика на отворот ќе ја проследиме во натамошното излагање.

**Отворот на каменот во класификацијата на народни изрази**

Заклучивме дека отворот е знак, кој ја покажува светоста на каменот. Тој е носител на религиозното значење и ваквата негова симболика е содржана и во називите што ги означуваат камењата како такви. Најдоминантен е терминот Дупен Камен (Поповска, 2009: 62). Според податоците до кои дојдовме во текот на истражувањето, како и податоците од достапната литература[2], со овој назив се означуваат каменот во с. Држилово (Скопско), во с. Кошино (Прилепско), с. Горно Ореово (Битолско), како и каменот на патот за Вевчани, кој го добил името затоа што „*тој е со голем отвор*“ и многу други.

Во истиот контекст е и називот Марков Прстен (зашто наликува на прстен) и Спровирачка, кој се јавува како резултат на обредната активност – спровирање, која се практикува на каменот (Поповска, 2009: 64). Низ овие камења „*можеш да се спровниш*“ и затоа ги викаат Спровирачка.

Во овој контекст треба да ги споменеме и пештерите што поседуваат големи отвори, кои служат за влез и за излез на посетителите. Нивните називи асоцираат на изгледот: Пештер, Шпела (Пештера).

Се јавуваат и термини за вакви камења што се инспирирани од приказни за нивното потекло, кои генерациски се пренесуваат, но со оглед на тоа што нивното именување не кореспондира со поставената тема, нема да бидат разгледувани.

Името зборува за реална присутност. Името и обликот се суштина и супстанција на индивидуалната појава: таа е определена од нив (Шевалие; Гербран, 2005: 393). Примерите покажуваат дека името ја претставува основната димензија на каменот – отворот. Секако се јавуваат и имиња што кореспондираат со функцијата, која се врши на каменот. На овој начин, сосема јасно ја согледуваме непосредната поврзаност и испреплетеност на името и на отворот, како претстави, кои заедно ја „формираат“ сликата за култниот камен.

[2] Дупен Камен во селото Држилово го споменува и Нијази Лимановски (Лимановски, 1991: 171).

**Отворот на каменот како личен симбол или симбол на групата**

Човековата способност да го користи отворот на каменот како симбол со чија помош ќе размислува и ќе наметнува смисла на околната природа, најверојатно ги влече своите корени од архаиката.

Симболите како елементи на митската слика, своето значење го добиваат по линија на изедначување на два надворешни впечатоци, кои имаат некаква заедничка особина, односно изедначување врз основа на сличноста на изгледот (Чаусидис, 1994: 62–63). Во оваа смисла и отворите што се јавуваат како обележје на каменот најверојатно ја претставуваат симболичката слика на плодност. Тие се причина каменот да биде изедначен со жената, на визуелен план и со нејзините органи за раѓање.

Ваквите конотации го навеле архаичниот човек да го доживее каменот како предмет во кој тој ќе ја материјализира својата потреба за плодност и благосостојба, а истовремено ќе ја материјализира во конкретен облик и животната сила на Земјата.

Причината за избирањето на каменот и неговата класификација како свет во архаиката, не е последица на желбата на поединецот, туку на колективната свест на заедницата.

Како што ќе видиме во понатомошниот текст ваквите слики, кои ги нуди отворот како реминисценции, се задржале во сфаќањето на човекот и денес.

Теренските истражувања вршени на територијата на речиси цела Македонија покажуваат дека отворот содржи потенцијал за преобразба на неговата симболика. Интерпретациите што следат покажуваат како отворот како симбол ги опфаќа во себе минатото и сегашноста. Тој не е статичен концепт, туку неговата симболика се менува во галоп со динамиката на културата.

Отворот на повеќето култни камења, овозможува трансцендентација, зашто тој означува „овде“ и „таму“, со едниот дел е долу на Земјата, а со другиот горе на небото. Со ваквата форма, се поврзуваат зоните на светот: небото и Земјата. Со издигнувањето високо кон небото и со отворите кон небото, каменот е директна манифестација на моќ, вечност и светост (Поповска, 2010: 30). Самото тоа да се биде горе, во религиозна смисла, значи да се биде исполнет со светост (Шевалие; Гербран, 2005: 682).

Ваквиот отвор истовремено упатува на биолошката функција на жената – раѓањето и општиот апстрактен поим на „почеток“ и „создавање нов живот“.

Со помош на отворот каменот добил карактер на конкретна плодност, што била во соодност со виталните симболи на жената.

Ваквото изедначување го среќаваме и на теренот каде изјавите на информаторите, зборуваат во прилог на оваа констатација. Така, информаторот Александар Спиркоски, смета дека двата отвори на Дупен Камен – село Кошино (Прилепско), ја прикажуваат вулвата и фалусот[3]. Еве ја неговата изјава: *„Едниот отвор е машки, а другиот женски. Машкио камен сеа ќе простиш што си женско, како човечкиот дел: долго и дупка тука, за машки се провираат. А женскиот си имат пак, своја состојба. Средината има малку едно пупулче, така е сводирано“*[4].

Низ ваквата симболизација на отворот, е евидентно спојувањето на женскиот принцип со машкиот елемент во процесот на создавањето, како потенцијали, кои будат творечка моќ.

Надворешниот впечаток, а во тој домен и отворот, како симбол е склон и на промени, зависно од промените на културата, при што неговото значење се менува, односно добива нови содржини. Така, отворот на Дупен Камен – село Држилово (Скопско), информаторот го поистоветува со џамија. Еве ја изјавата: *„Не можам да ти објаснам. Тоа ти е како минаре од џамија и посреде е нели бушена“*[5].

Под влијание на денешните религиозни содржини со кои информаторот[6] живее (исламот), тој на каменот гледа како на објект, преку кој човекот се поврзува со Господ. На овој начин, информаторот го пренесува сопственото сознание и неговиот однос кон каменот. Набљудувањето на каменот како религиозен објект, му дава облик во кој егзистира посебна енергија (Поповска, 2010: 117). Ако претпоставиме дека нејасниот облик е слика на првобитниот хаос, (Шевалие; Гербран,2005: 937), ваквото перципирање на обликот на каменот означува крај на хаосот и воспоставување организирана слика на неговото постоење. Во секој случај, изјавата зборува за симбиоза на архаичните верувања со исламската култура.

Отворот, кој се јавува на Марков Прстен[7] – село Стрезовце (Кумановско), се изедначува со прстен. Прстенот ја носи симболиката на кругот како вечност, континуитет, живот. Истовремено претставува

---

[3] Ова покажува дека антропокосмичките изедначувања на каменот ја сочувале својата „живост“ и во денешното современо живеење (Поповска, 2010: 117).
[4] Информатор: Александар Спиркоски, роден 1926 во село Кошино, снимено 02.09.2000 во село Кошино.
[5] Информатор: Рамадан Еминовски, роден 1958 во село Држилово, снимено 21.05.2000 во село Држилово.
[6] Информаторот по етничка и верска припадност е Македонец со исламска вероисповед.
[7] Сопствени теренски истражувања, 2000, 2001 год. во село Стрезовце.

моќ, достоинственост, заштита (Kuper, 1986: 137). Тој се поистоветува со личноста на сопственикот[8].

Отворите се карактеристични и за пештерите. Пештерите според народното верување, се места на кои се спојува божественото и човечкото. Во оваа смисла, пештерата се јавува со иницијациска функција, кога од „неверници“, луѓето преминале во „верници“[9]. Тие се поистоветуваат со женскиот принцип, со утробата на мајката – Земја (Kuper, 1986: 128). Пештерата се верува дека е собиралиште на енергија, зашто таа ги чува сеќавањата за почетокот на верата, вистинско второ раѓање на човештвото. Влегувањето низ отворот значи воспоставување врска меѓу човекот и силите, кои престојуваат во нејзината внатрешност. Во тој поглед пештерата има култна функција, како кондензатор на магиска сила.

Како што видовме, каменот својата најдлабока смисла ја носи благодарение на неговото, би рекле, идентификациско обележје – отворот, кој буди различни асоцијации во свеста на човекот, но во секој случај манифестира содржини што предизвикуваат почит. Присуството на отворот, како симбол, значи и присуство на основната функција – раѓањето, која преку апотропејската и поддржувачка моќ на каменот, се пренесува на човекот.

Ваквиот симбол на каменот бил доволно експресивен за тој да стане предмет на култ, а своја рефлексија, како што веќе видовме, имал и во називите и епитетите што ги користел народот во неговото именување.

## Отворот на каменот како општествен симбол

Пораката што им ја пренесува отворот на посетителите и на оние што се дел од заедницата, во која опстојува тој, е интегрирана со низа практики, кои се стремат да обезбедат плодност, здравје, благосостојба.

Функцијата на отворот како елемент, кому му се припишуваат магиски својства, говори за културата во општеството и служи како негова слика. Всушност, верувањата и практиките во врска со отворот на каменот ни откриваат став на луѓето кон природата и светот и моралните односи во него.

[8] Смислата на ваквото изедначување се потпира на преданието според кое каменот го претставува прстенот на Крале Марко, кој долетал од Прилеп во Стрезовце како резултат на неговата борба со Муса Кесеџијата (Поповска, 2009: 25).

[9] Види предание за Пештер, (Поповска, 2010: 124), според кое, пештерата го претставува преминот од паганство во христијанство.

Во согласност со македонското народно разбирање на животот, особено е раширено верувањето во урокот, како извор на многукратни зла, кои можат да предизвикаат несакани последици, не само на луѓето, туку и на животните. Оттаму поминувањето низ отворот на каменот дејствува на сузбивањето на урокот и на уништување на магиските дејства предизвикани од него[10].

Отворот на каменот, како што веќе констатиравме, означува премин од профаната во светата реалност. Тој ја симболизира можноста за поврзување со силите кои, според верувањето, престојуваат во каменот. Самиот отвор[11] што како симбол е карактеристичен за светиот камен, не само што го означува преминот, туку и психолошки повикува на преминување. Застанувањето на жената на местото на отворот на каменот во Шпела и чекањето знак од него, покажува дека се очекува потврда на желбата за комуникација со адресантот (Поповска, 2009: 54).

Влегувањето во отворот на каменот, кому луѓето му даваат свети димензии под покровителство на Бог, ќе го поврземе со симболизмот на вратата[12], затоа што, како што веќе потенциравме, посетителите него го доживуваат како религиозен објект. Оттука, според еврејските и христијанските преданија, вратата е пристап до откровението (Шевалие; Гербран, 2005: 180). Според Библијата, самиот Христос е вратата низ која се влегува во небеското царство (Шевалие; Гербран, 2005: 181). Во оваа смисла и порталите на религиозните објекти се премини, кои водат до „Светото над Светите, до местото на вистинското божествено присуство“ (Шевалие; Гербран, 2005: 180).

Во секој случај, самото провлекување низ отворот на каменот го толкуваме како синтеза на архаичните и на современите верувања. Поминувањето значи можност за влез во „повисока“ реалност. Народот смета дека со минувањето низ каменот, човекот ги обезбедува својата среќа, плодност и благосостојба.

Отворот ја поттикнува идејата за трансцендентација. Тој претставува средство, начин за комуникација со каменот. Поминува-

[10] Покрај бројните примери на терен, особено е интересна изјавата, која ја добивме за Дупен Камен во село Кошино, каде, пред да помине низ каменот, жената фрла низ отворот камче собрано од патот кон култниот камен. Еве го објаснувањето на информаторот: „*Камчето се фрла за да оди магијата по него*“ (од претходната жена).

[11] Во отворот се наоѓа симболизмот на самиот камен, кој ја претставува „вратата“ кон божественото.

[12] Прагот, вратата и премините претставуваат места што значат прекин на континуитетот на просторот, па оттука имаат голема улога како религиозни вредности (Elijade, 2004: 13).

њето[13] низ отворот на каменот е тешко, што значи дека треба да се обележи тешкотијата на преминот од профаната во светата „реалност“, зашто човекот по преминот излегува „прочистен“, од секакви магиски дејства. На ова можеме да ги надоврземе библиските сфаќања. И Куранот напоменува дека по тешкотијата се очекува леснотија[14].

Ако го анализираме каменот како место за комуникација меѓу небото и Земјата, во рамките на ова поглавје треба да ја спомeнеме и пештерата. Со влегување во неа, (преку отворот) се воспоставува врската меѓу примитивниот човек и хтонските сили односно божествата, кои престојуваат во внатрешноста на Земјата (Шевалие; Гербран, 2005: 776). Влегувањето во пештерата значи враќање на почетокот, а оттука и издигнување кон небото (Шевалие; Гербран, 2005: 778).

Дури и денес, влегувањето во каменот, односно во пештерата можеме да го толкуваме како единствен начин на комуникација со каменот, преку кој тој ќе влијае на луѓето, како начин да се предизвика излекување, па дури и „прочистување“[15]. Целта е иста како некогаш - да се предизвика магиско дејство на плодност.

Одржувањето на свечености пред и во пештерите, како обреди на плодност или како општа народна веселба со: свирење, играње и пеење, покажуваат дека пештерата претставува сакрален простор, каде селото функционира како обредна заедница.

Од информациите добиени од теренските истражувања, може да се заклучи дека самото провлекување низ отворот на каменот значи и верување во неговата магиска моќ, да помогне на бездетните за обезбедување потомство. Ова секако е надополнето со низа практики, кои треба да го обезбедат поволниот резултат од ваквата активност. Така, посебно се внимава на бројот на провлекувања низ каменот[16] и страната кон која се одвива движењето на посетителот[17], времето во

---

[13] Многу често отворите на култните камења низ кои посетителите се провираат се тесни и е право чудо како низ нив се поминува. Во овој контекст, во Светото Писмо за „тесната врата“ се вели: „Влезете низ тесната врата, зашто широки се вратите и широк е патот што води кон пропаст, а мнозина минуваат низ нив“, „а тесни се вратите и тесен е патот што водат кон животот, и малкумина го наоѓаат“ (Евангелие според Матеј 7, 13).

[14] Куран, с. 211.

[15] Каменот во селото Иловица, Струмичко, кој, според преданието што се раскажува за неговото настанување, е симбол на казна за направен грев, тој, со поминувањето на посетителот низ неговиот отвор, се јавува во улога на „показател“ на гревот што го носи во себе човекот (по пат на стегање) и истовремено во функција на негов „прочистувач“ (Поповска, 2010: 167).

[16] Најчесто низ отворот на каменот се поминува еднаш или три пати. Бројот три е најзастапен во обредната пракса (Поповска, 2010: 109; 156).

[17] Десната страна според народните сфаќања е среќна страна, страна на позитивно влијание (Поповска, 2010: 110; 157).

кое провлекувањето се случува[18] и сл. Сето ова недвосмислено нѐ упатува на тоа дека отворот на каменот претставува комуникациски канал со повисоки сили. Истовремено, тој е симбол преку кој се изразува желбата  за обезбедување на потомството, кое свое значење имало не само за конкретното семејство, туку и за заедницата во целина.

Обредот на каменот односно провлекувањето низ неговиот отвор е средство за постигнување на одредена цел и тој означува точност во постапките, „праведност" и размена на вредности со силите, кои во каменот, според верувањето, престојуваат. Ваквата симболичка важност и меѓузависност, како таква, е сфатена и од поединецот и од колективот.

Во рамките на овие практики, кои се одвиваат преку отворот на каменот ќе наведеме и некои „правила", кои се однесуваат на опозицијата „чисто-валкано" или свето-профано. Овде ќе изнесеме две раскажувања, кои, во секој случај, зборуваат за семантичката порака на отворот во рамките на општественото живеење. Токму преку отворот се потенцира моќта на каменот да пресудува: „лошиот"– ќе биде казнет, а „добриот"– не[19].

Упадот на лоши сили преку отворот на каменот: како нечисти, грешни и друго, доведува до негово „испоганување". Еве еден од примерите: „*Овај кучката што ја проврел од Дебреште, ми го кажуваше татко ми наиме, ослепе со обете очи. И је врзале на кучката очите, не можеле инаку да ја проврат и како кучката што ја провреле со врзани очи, после тој ослепел*"[20].

Кучката како профана со влегувањето во каменот, кој има света димензија, ја нарушува неговата света структура и сега тој: „*И додека во минатото тој лекуал деведесетидевет отсто, по провирањето на кучката каменот се испоганил и понесепрајло ни педесет отсто себап*"[21].

Примерот во Кошино, каде имаме казна со слепило за оној што ја проврел кучката низ Дупен Камен, покажува дека  менувањето на „правилата" што ги наметнува верувањето, од страна на реципиентите, е злосторство што се казнува со строга казна, во случајов – слепило. Според информаторот[22], откако таткото на ослепениот служел во црквата три години, му се вратило виделото на синот, но само

---

[18] Времето игра особено важна улога за правилно изведување на обредот. Види: Поповска, 2009: 89–93.

[19] Сопствени теренски истражувања од 2000 до 2010 година.

[20] Информатор: Александар Спиркоски, роден 1926 година во с. Кошино, снимено: 02.09.2000 во Кошино.

[21] Истиот информатор.

[22] Информатор: Александар Спиркоски, роден 1926 година во с. Кошино, Прилепско.

минимално. Служењето во црква значи да се служи на семоќниот Бог, кој според верувањето е поврзан со каменот. Очигледно е влијанието на христијанството, кое го поврзало верувањето во каменот со блиската црква. Значи и покрај казната, може да се следи патот на спасот – служење во црквата.

За Дупен Камен во село Горно Ореово, се раскажува за скаменување на „*некоа недобра жена, некоа турчина...*“[23], токму на отворот низ кој се одвивало провлекувањето низ каменот, по што каменот „отворил нова дупка“ за да ја продолжи исцелителската функција. Ова покажува дека моќта на каменот е канализирана во заедничка легенда, која одлично ја илустрира неговата негативна способност. Скаменувањето на Турчинката е конкретна појава, видлив резултат и казна заради нејзината „нечистота“.

Можеме да заклучиме дека отворот на каменот има двоен аспект на дејство: творечки и казнен, дури и уништувачки. Уништувачкиот може да се примени на неправдата и пакоста. Како посредник меѓу небото и Земјата, каменот го дели доброто од злото и удира по „неправедните“. Секој мора да ги сноси последиците на она што го прави. Ваквите сфаќања на народот поврзани со верувањата во каме-нот продолжиле да егзистираат и во современието, сѐ со цел да триумфира духовната чистота кај човекот, што како вредност се наметнува од актуелните религии.

Како што видовме од претходно изнесеното приказни за казните, тие се пренесуваат на општествено ниво и се толкуваат како казна поради неодговорното однесување на поединците, што доведува до нарушување на воспоставените патријахални норми во рамките на заедницата, а има за цел да ја задржи кохерентноста во тие рамки.

Овие магични квалитети на култните камења, иако над сферата на реалноста се општо прифатени и се употребливи од колективот, а со тоа и од консументите и тие кон нив се однесуваат како кон признат систем на вредности. Населението се гордее со присуството на каменот во нивното подрачје на живеење, зашто тој го обезбедува континуитетот на заедницата.

Преку отворот во каменот, со влегувањето во него, луѓето се обидуваат да ја совладаат бесплодноста, влегувајќи и впивајќи го трансцедентното.

Причината поради која луѓето поминуваат низ отворот со сите тешкотии што ги носи таквото провлекување, во својата суштина пренесува едноставна порака, која ја „оживува“ секоја вероисповед.

[23] Информатор: Менка Јанкуловска, родена 1930 година во с. Горно Ореово, живее во Битола.

Тоа е порака дека само со тешкотија и напор може да се дојде до успех. Ја прикажавме изразната и објаснувачката вредност на поминувањето низ отворот. Ова го открива обележјето на општеството: потребата од репродукција на човекот – праисконската желба за осигурување на плодноста. Симболичките аспекти на поминувањето низ отворот всушност покажуваат дека се бара и се очекува гаранција за опстанокот, која од своја страна е непосредно врзана за животот на луѓето, плодноста на Земјата и животните (Поповска, 2009: 129).

***

Од претходно изнесеното можеме да заклучиме дека отворот на каменот со својата природна и трансцедентална суштина е симбол врз кој се изградила идејата за плодност. Ваквите идеи од архаиката преминале во сфаќањата на луѓето денес. Отворот како симбол станал основа врз која се изградиле многу преданија, многу правила чие почитување ја гарантира успешноста на обредот.

Отворот на каменот е граница, која симболизира комуникација со него. Тој е место на дочек на посетителот, место преку кое се упатува молба кон силите кои, според верувањето на каменот, престојуваат, место на кое се жртвува.

Заклучивме дека отворот е белег врз кој културите изградиле симболички асоцијации. Тој е седиштe на добрите творечки моќи, но и на негативните. Овде постојат правила за чистота и идеи за валканост. Тие ни покажуваат каква е пораката на отворот во рамките на општественото живеење. Прецизните прописи ги определуваат видовите посреден допир, со кој може да се пренесе извалканоста. Оваа идеја за нечистотија нè води непосредно на полето на симболизмот и ни прикажува врска со останатите системи на чистота присутни во рамките на заедницата. Накусо човековото однесување во врска со отворот на каменот е реакција, која го осудува секој предмет и секоја идеја што можат да ги нарушат воспоставените и негувани класификации за доброто и за моралот, онака како што се воспоставени во рамките на традиционалните заедници.

**Литература:**

Боуви, Фиона. 2009. *Антропологија на религи*јата. Скопје: Табернакул. С. 1–322.

Вражиновски, Танас. 1998. *Народна митологија на Македонците*. Книга 1. Скопје – Прилеп: Институт за старословенска култура Прилеп.

Вражиновски, Танас. 1998. Народна митологија на Македонците. Книга 2. *Етнографски и фолклорни материјали*. Скопје – Прилеп: Институт за старословенска култура Прилеп.

Elijade, Mirca. 2004. *Sveto i profano, priroda religije*. Beograd: Alnari, Tabernakl. С. 1–156.

Kuper, Dz. K. 1986. *Ilustrovana enciklopedija tradicionalnih simbola*. Beograd: Prosveta – Nolit.

*Краток коментар на Куранот*. Второ издание. 2007. Скопје: Логоса.

Лимановски, Нијази. 1991. Обичаите кај Македонците-муслимани поврзани со раѓањето на детето. во: *Македонски фолклор*. год. XXIV. бр. 48. Скопје. С. 171–178.

Поповска, Драгица. 2009. *Светите камења во македонската народна религија и обредна пракса*. Скопје: Селекто. С. 1–164.

Поповска, Драгица. 2010. *Култната функција на каменот во религиите во Македонија*: докторска дисертација одбранета на Институтот за национална историја – Скопје (ракопис). С. 1–249.

*Свето Писмо (Библија) на Стариот и Новиот завет*, ревидирано издание. 2006. Скопје: Библиско здружение на Република Македонија.

Чаусидис, Никос. 1994. *Митските слики на Јужните Словени*. Скопје: Мисла.

Шевалие, Ж.; Гербран, А. 2005. *Речник на симболите, митови, соништа, обичаи, гестови, облици, ликови, бои, броеви*. Скопје: Табернакул.